Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа (,,Службен весник на Република Македонија” бр. 58/00, 44/02, 82/08,167/10 и 51/11) и член 22 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14 и 10/15), министерот за образование и наука ја донесе Наставната програма по проектната активност *иновации и претприемништво* за I година на гимназиското и средното уметничко образование.

НАСТАВНА ПРОГРАМА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# ИНОВАЦИИ И ПРЕТПРИЕМНИШТВО

I година

ГИМНАЗИСКО И СРЕДНО УМЕТНИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, март 2015 година

# 1. ВОВЕД

Наставата по програмата за проектните активности по *иновации и претприемништво* им овозможува на учениците развивање на претприемачкиот дух, иновативното размислување и иницијативноста преку стекнување знаења и вештини од областа на претприемништвото, иновациите и бизнисот.

Со наставната програма за проектните активности кај учениците се развиваат општи компетенции, како што се: самоосознавање, креативност, иницијативност, генерирање идеи, самодоверба, тимска работа, како и основни бизнис вештини од областа на менаџментот, маркетингот, финансиската писменост со цел развивање на претприемачко размислување и отвореност за само-истражување, иновативност, желба за остварување на своите идеи, користење можности, преземање ризик и сл. Оспособеноста на учениците за претприемачко однесување ќе им користи не само во нивниот секојдневен живот во домот и општеството, туку и во процесот на работата како активни чинители во националната економија. Со тоа ќе станат посвесни за контекстот на работата, ќе бидат способни да ги користат можностите, ќе се стекнат со поспецифични вештини и знаења кои придонесуваат во социјалните и работните активности.

**Назив на проектната активност:** иновации и претприемништво
**Вид на средно образование:** гимназиско и уметничко

**Година на изучување на проектната активност:** прва
**Број на часови на наставниот предмет:**

- Број на часови неделно: 1 час
- Број на часови годишно: 35 часа

**Статус на проектната активност:** задолжителен

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА

***Ученикот / ученичката:***

- да го разбира концептот на претприемништвото и иновациите;
- да ги идентификува личните претприемачки карактеристики;
- да го објаснува значењето на бизнисот за општеството;
- да го разбира концептот на социјално претприемништво;
- да ги идентификува основните економски категории и законитости;
- да ја разбира понудата и побарувачката и ценовниот ефект;
- да се воведе во концептот на бизнис моделот за одредена бизнис идеја;
- да развива и применува вештини на ефективна комуникација;
- да се оспособува да истражува, селектира и анализира податоци;
- да развива свест за етичко и одговорно однесување;
- да развива чувство за креативност и иновативност;
- да развива чувство за самокритичност и самодоверба;
- да развива дух за тимска работа;
- да се оспособува да ги презентира своите идеи и активности.

## 3. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| Тема 1: Иновациите и креативноста – основа на претприемачкиот процес (7 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| *Ученикот/ученичката:*<br>- да ги разбира поимите иновации и претприемништво;<br>- да ја разбира потребата за претприемачко однесување;<br>- да го разбира концептот на претприемништвото;<br>- да ги наведува елементите на процесот на претприемништво;<br>- да ги разликува карактеристиките на претприемачот;<br>- да ја објаснува разликата меѓу креативност и иновации;<br>- да препознава и објаснува бизнис можности;<br>- да ги поврзува сопствените интереси, вештини и компетенции на соодветни бизнис можности. | - Основи на процесот на претприемништво<br>- Карактеристики на претприемништвото<br>- Предуслови за креативност<br>- Креативност, иновации и иновативност<br>- Бизнис можности | - Претприемништво<br>- Претприемач<br>- Претприемачки карактеристики<br>- Креативност<br>- Иновација<br>- Претприемачка идеја | **ИСТРАЖИ И НАУЧИ:**<br>Дијагностицирање на нивото на претходните знаења на учениците.<br>Користење на примери од практиката како за одредени проблеми во заедницата се изнаоѓаат решенија и дискутирање за претприемачки активности.<br>Вежба: Анализа на дијаграм на претприемачки процес.<br>Вежба: Анализа на текст или видео материјал кој се однесува на локален или национален профил на претприемач и идентификување на претприемачките вештини и претприемачкото однесување на личноста.<br>Формулирање став за личните претприемачки карактеристики.<br>Вежба: Истражување и презентирање примери на познати претприемачи од практиката.<br><br>**КРЕИРАЈ И НАПРАВИ:**<br>Дискутирање за креативност и процес на иновација.<br>Вежба: Поттикнување на креативноста кај учениците и генерирање на идеи.<br>Дискутирање за потребите на општеството и заедницата.<br>Посета на локален бизнис и/или локалната заедница и разговор за решавање на одредени проблеми во заедницата.<br><br>**ПРЕЗЕНТИРАЈ И ПРОВЕРИ:**<br>Вежба: Презентирање на сопствена кратка биографија, оценување на личните претприемачки карактеристики и поврзување со одредени бизнис можности. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | Корисни линкови:<br>http://web.extension.illinois.edu/goingsolo/<br>http://ec.europa.eu/research/innovation-union/index_en.cfm<br>http://www.ascd.org/publications/newsletters/education-update/dec08/vol50/num12/Developing-Students'-Creative-Skills-for-21st-Century-Success.aspx<br>http://www.bio-nica.info/biblioteca/VanGoundy2005101ActivitiesTeaching.pdf |

| Тема 2: Бизнис контекст и околина – социјално претприемништво (10 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| *Ученикот/ученичката:*<br><br>- да го разбира концептот и значењето на бизнисот во општеството;<br>- да ја објаснува важноста на бизнис окружувањето;<br>- да го разликува интерното од екстерното окружување;<br>- да ги идентификува формите на организација на бизнисот;<br>- да го разбира концептот на социјално претприемништво;<br>- да ги препознава социјалните проблеми и предизвици;<br>- да ги објаснува принципите на социјалното претприемништво;<br>- да го разликува концептот на бизнис претприемништвото од социјалното претприемништво;<br>- да ја разбира суштината на општествената одговорност на бизнисите. | - Улогата на бизнисот во општеството<br>- Бизнисот и окружувањето<br>- Основни форми на организација на бизнисот<br>- Поим за социјално претприемништво<br>- Принципи и области на делување на социјалното претприемништво<br>- Општествена одговорност | - Бизнис<br>- Бизнис окружување<br>- Индивидуално претпријатие<br>- Партнерство<br>- Корпорација<br>- Социјални проблеми и предизвици<br>- Социјално претприемништво<br>- Општествена одговорност<br>- Етика | **ИСТРАЖИ И НАУЧИ:**<br>Дискутирање за различните видови на бизнис во локалната заедница и нивната улога.<br>Вежба: Анализа на интерно и екстерно опкружување на конкретен бизнис.<br>- Дискутирање за формите на организација на бизнисот.<br>Вежба: Истражување и презентирање на практични примери од реалниот бизнис: индивидуално претпријатие, партнерство, корпорација.<br>- Дискусија за најдобри примери на општествено одговорни претпријатија.<br>Вежба: Истражување за социјални проблеми во заедницата и како локалните бизниси можат да помогнат во нивно решавање.<br>Дискусија на потребата од социјални претпријатија и нивна споредба со бизнис претпријатијата.<br><br>**КРЕИРАЈ И НАПРАВИ:**<br>Вежба: Анализа на текст – приказна на успешен социјален претприемач и идентификување на карактеристиките на социјален претприемач.<br>Посета на социјално претпријатие/покана на гостин предавач од социјално претпријатие.<br>Вежба: групна работа – осмислување на концепт на социјално претпријатие |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | **ПРЕЗЕНТИРАЈ И ПРОВЕРИ:**<br>- Презентирање примери на успешни социјални претпријатија од практиката (видео клипови/ текстови).<br>- Презентирање на концептот на социјално претпријатие<br><br>Дискусија фокусирана на:<br>• Зошто токму овие одлуки?<br>• Дали има други, подобри решенија? (да се поттикне<br>• креативноста со споделување на мислења од останатите ученици)<br>• Заклучок/Резиме<br><br>Корисни линкови:<br>http://www.scribd.com/doc/25952411/BUSINESS-ENVIRONMENT-1st-Semester-notes-mba-UNIT-1-BUSINESS-AS-A-SOCIAL-SYSTEM#scribd<br>http://www.slideshare.net/BabasabPatil/business-environment-1-st-module-bec-bagalkot-mba<br>http://www.makingcents.com/<br>http://www.schwabfound.org/content/what-social-entrepreneur<br>http://socialentrepreneurs.ie/<br>http://www.forbes.com/special-report/2012/30-under-30/30-under-30_social.html<br>http://socialentrepreneurcorps.com/<br>http://www.csef.ca/what_is_a_social_entrepreneur.php<br>http://mcse.middlebury.edu/<br>http://socialinnovation.mk/ |

| Тема 3: Бизнис модел (8 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| *Ученикот/ученичката:*<br><br>- да ја разбира улогата на бизнис моделот за развој на претприемачка бизнис идеја;<br>- да ги идентификува клучните елементи на бизнис моделот за претприемачка бизнис идеја;<br>- да ги препознае основните елементи на бизнис моделот за претприемачка идеја која се однесува на социјален проблем и потреби во заедницата;<br>- да знае да развие бизнис модел за претприемачка идеја користејќи ја алатката Бизнис модел платно. | - Дефинирање бизнис модел<br>- Алатки за поставување и претставување бизнис модел: Бизнис модел на платно (Business Model Canvas)<br>- Елементи на бизнис модел на платно<br>- Бизнис модел за социјално претприемништво | - Бизнис модел<br>- Бизнис модел на платно (Business Model Canvas) | **ИСТРАЖИ И НАУЧИ:**<br>Објаснување на концептот на бизнис модел и расположливите алатки за негово претставување.<br>Претставување на елементите на Бизнис модел на платно.<br><br>**КРЕИРАЈ И НАПРАВИ:**<br>Вежба: Анализа на бизнис модел на пример од постојан бизнис.<br><br>**ПРЕЗЕНТИРАЈ И ПРОВЕРИ:**<br>Вежба: Развој на бизнис модел за избрана претприемачка идеја.<br><br>Дискусија фокусирана на:<br>• Зошто токму овие одлуки?<br>• Дали има други, подобри решенија? (да се поттикне<br>• креативноста со споделување на мислења од останатите ученици)<br>• Заклучок/Резиме<br><br>Корисни линкови:<br>http://www.businessmodelgeneration.com/<br>https://hbr.org/2011/01/how-to-design-a-winning-business-model<br>http://www.businessnewsdaily.com/<br>http://www.inc.com/ |

| Тема 4: Управување со финансии и ресурси (5 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| *Ученикот/ученичката:*<br><br>- да ја разбира понудата и побарувачката и ценовниот ефект;<br>- да дефинира цена на производ;<br>- да го разбира создавањето на вредност во економијата;<br>- да формира цена на одреден производ;<br>- да ги идентификува изворите на финансирање на бизнисот;<br>- да знае како да управува со време и човечки ресурси. | - Понуда<br>- Побарувачка<br>- Цени и трошоци<br>- Урамнотежување на пазар<br>- Управување со време и човечки ресурси | - Понуда<br>- Побарувачка<br>- Цена<br>- Трошок<br>- Добивка/загуба<br>- Урамнотежување на пазар<br>- Човечките ресурси | **ИСТРАЖИ И НАУЧИ:**<br>Дискусија за понудата и побарувачката и влијанието врз цените.<br>Начини за изнаоѓање на извори на финансиски средства за решавање на социјални проблеми.<br><br>**КРЕИРАЈ И НАПРАВИ:**<br>Вежба: Кој е вашиот потрошувач, профил на потрошувач.<br>Вежба: Утврдување на цена на чинење на производ/услуга.<br><br>**ПРЕЗЕНТИРАЈ И ПРОВЕРИ:**<br>Вежба: Истражување и презентирање за различни извори на финансирање на бизнисите во практиката.<br>Вежба: Презентација на план за управување со време и човечки ресурси.<br><br>Дискусија фокусирана на:<br>• Зошто токму овие одлуки?<br>• Дали има други, подобри решенија? (да се поттикне<br>• креативноста со споделување на мислења од останатите ученици)<br>• Заклучок/Резиме<br><br>Корисни линкови:<br>http://www.marketplaceforkids.org/<br>http://prairieecothrifter.com/2012/08/teach-children-sell.html |

| Тема 5: Деловна комуникација (5 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| *Ученикот/ученичката:*<br><br>- да разликува видови комуникација;<br>- да идентификува елементи на ефективна комуникација;<br>- да применува етика во комуникацијата;<br>- да користи ИТ/системи на комуникации: имејл, facebook, комуникација преку телефон итн.<br>- да го разбира значењето на деловната комуникација во бизнисот;<br>- да разликува различни форми и видови на деловни писма;<br>- да пишува правилно деловни писма. | - Ефективна комуникација<br>- Етика во комуникацијата<br>- Комуникација преку ИТ системи на комуникации<br>- Деловната комуникација | - Комуникација<br>- Вербална комуникација<br>- Невербална комуникација<br>- Извештај<br>- Деловна комуникација<br>- Деловно писмо<br>- Социјални медиуми | **ИСТРАЖИ И НАУЧИ:**<br>Дискутирање за вештини на комуникација и видови комуникации.<br>Дискусија за важноста на етиката во обезбедување на информации.<br>Дискусија за значењето и елементите на деловните писма.<br>Вежба: Истражување на примери на различни видови деловни писма (пребарување на интернет).<br>Вежба: Он-лајн истражување на конкретни решенија за социјални проблеми<br><br>**КРЕИРАЈ И НАПРАВИ:**<br>Вежба: Пишување неформално и формално писмо со користење на информатичка технологија.<br>Вежба: Составување на едноставен текст/ извештај со користење на информатичка технологија.<br><br>**ПРЕЗЕНТИРАЈ И ПРОВЕРИ:**<br>Вежба: Изработка на деловно писмо за одреден социјален проблем.<br><br>Корисни линкови:<br>http://smallbusiness.chron.com/7-cs-effective-business-communication-114.html<br>http://catalog.flatworldknowledge.com/bookhub/reader/15?e=mclean-ch01<br>http://smallbusiness.chron.com/communication-ethical-issues-business-4886.html |

## 4. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

При реализацијата на програмата наставниците да поаѓаат од развојните можности и интереси на учениците, особено да ги имаат предвид законитостите на развојот на мислењето во овој развоен период.

Една од основните карактеристики на проектните активности *иновации и претприемништво* е: знаењата стекнати низ различните наставни содржини да имаа практична примена во секојдневниот живот; поврзување со локалната заедница (бизниси, институции, организации); идентификување на можностите за кариера и продолжување на образованието по вертикала. На овој начин ќе се зголеми заинтересираноста и мотивираноста на ученикот/ученичката за реализација на проектната активност *иновации и претприемништво*.

За успешно реализирање на целите на проектните активности *иновации и претприемништво* се препорачува планирање, организирање и реализирање на часовите во рамките на годишниот фонд на часови со обем од 35 часа за давање упатства за работа, општи насоки и објаснување поими, принципи, цели, методологија на работа, извори на информации, инструменти за истражување, користење податоци, техники на презентирање, можност за соработка и за групна работа; вежби; играње на улоги; проектна работа; мини компании; истражување на терен; посета на компании; покана на гости во училиштето; учење преку соработка; студија на случај; решавање проблем и сл.

Планирањето, организацијата и реализацијата на проектните активности *иновации и претприемништво* треба да ги содржат најсовремените техники и методи на полето на современата образовна технологија.

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Во текот на наставата по *иновации и претприемништво* се препорачува формативно следење кое вклучува изработка и водење на портфолио на учениците што опфаќа:

- собирање показатели (ученички проекти, индивидуални практични задачи, извештаи за реализирани активности на ученикот, изработена конкретна документација, индивидуални домашни задачи) за придонесот на секој ученик посебно;
- тековни (формативни) однапред подготвени евалвациони листи за секој ученик посебно кои се изработуваат по конкретната негова активност.

Согласно природата на програмата по *иновации и претприемништво* постигнувањето на ученикот/ученичката може да се реализира практично, со презентација, постигања и резултати од тимска работа, покажан интерес и активно учество на часовите.

Секој ученикот **мора да ја реализира програмата** за *иновации и претприемништво*, во спротивно не може да му биде издадено свидетелство за завршена година.

## 6. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови се темели на нормативот за простор, опрема и наставни средства за гимназиското и средното уметничко образование донесен од страна на министерот за образование и наука.

## 7. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Наставата по *претприемништво и иновации* за I година во гимназиското и средното уметничко образование може да ја изведува само лице кое исполнува еден од следните услови:

- Завршени студии по економија VII/1 степени на акредитираните универзитети во РМ или во странство со домашна акредитација, со соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка.
- Завршени студии од областа на економијата по Европски кредит трансфер систем (240 ЕКТС), на акредитираните универзитети во РМ или во странство со домашна акредитација, со соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка.
- Завршени студии на факултет за наставници или други студии со стекната педагошко-психолошка и методска подготовска и следена обука за иновации и претприемништво.

## 8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Датум на започнување: **01.09.2015 година**

## 9. ПОТПИС И ДАТУМ НА УТВРДУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по проектната активност *иновации и претприемништво* за I година на гимназиското и средното уметничко образование, на предлог на Бирото за развој на образованието, ја утврди министерот за образование и наука

**МИНИСТЕР**

**бр. 12-8745/1**
**17.04.2015 година**

__________________________
**Abdilaqim Ademi**

Изготвил: работна група, координатор Валентина Гоцевска, советник
Контролирал: Трајче Ѓорѓијевски, раководител на одделение
Одобрил: м-р Митко Чешларов, раководител на сектор